**Правилник за кампањата „ FastTrack International“**

**Дефиниции и нивно толкување**

**FastTrack** е посебна услуга со која на лицето му се овозможува да ги помине сите формалности на аеродромот, во минимално време и со максимална удобност, без долги редици.

**QR-код** е специјален графички код за добивање на услугата, кој се обезбедува во четботот на членот на кампањата, според условите од овој Правилник.

**Аеродром** значи: аеродромот во Истанбул (IST), Турција; меѓународниот аеродром во Ларнака (LCA), Република Кипар; Милано (MXP), Италија; аеродромот во Барселона (BCN), Шпанија и други аеродроми, чија сеопфатна листа е достапна во четботот.

**Под кампањата** се подразбира промотивна кампања „FastTrack International“.

**Банка** е правно лице кое, врз основа на соодветна банкарска лиценца, има ексклузивно право да обезбедува банкарски услуги на соодветната територија на Украина, Грузија или Република Азербејџан, Република Белорусија, Република Таџикистан, Република Узбекистан, Република Ерменија, Република Казахстан, Република Молдавија, Република Киргистан, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Косово, Република Северна Македонија, Црна Гора или Република Србија.

**Уред за верификација** е посебен технички уред на аеродромот кој овозможува читање на QRкодот за обезбедување на услугата на членот на кампањата, во согласност со условите од овој Правилник.

**Клиент** е Visa International Service Association, што се наоѓа во САД, Калифорнија 94404 – 2775, Фостер Сити, Метро Центар Булевар, 900 (USA, CA 94404 – 2775, Foster City, Metro Center Boulevard, 900).

**Картички** се платежните картички Visa Platinum, Visa Signature, Visa Platinum Business, Visa Signature Business и Visa Infinite издадени од банка, а со кои на член на кампањата му се дава право да учествува во кампањата.

**Messenger** е мобилна апликација за брзи пораки и видеа, вклучително и Viber,Telegram.

**Организатор** е INFOCUS, LLC, идентификациски код на правното лице: 36563986, кое се наоѓа во Украина, 03150, Киев, улица „Дилова“, бр. 2 буква Б, соба 188 буква А (Ukraine, 03150, Kyiv, Dilova Street 2 letter. B, room 188 letter. A).

**Партнер** е RENOVATIO, LLC, идентификациски код на правното лице: 38876589, кое се наоѓа во Украина, 61099, Харков, улица „Јенакиевска“, бр. 11-А (Ukraine, 61099, Kharkiv, 11-A Yenakiivska Street).

**Услуга** се услугите во категоријата FastTrack (при пристигнување и поаѓање) што се обезбедуваат на аеродромот за членовите на кампањата. Услугата е подарок за учесникот во промоцијата.

**Правилник** се овие правила за кампањата.

**Период на важност** е периодот од 00:00:01 часот на 9.7.2021 година до 23:59:59 часот на 30.9.2025 година.

**Членови на кампањата** се физички лица, сопственици на картички, коишто имаат право да учествуваат во кампањата според одредбите на овој Правилник. Услугата е иста за сите учесници. Во овој случај, единствената разлика е кои картички ги поседуваат нивните иматели.

**Четботот** е четбот Visa Concierge, на линкот https://mssg.me/concierge_service, содржан во Messengers.

**1. Постапка за учество во кампањата од страна на членовите на кампањата**

**1.1.** Заради учество во кампањата, лицето кое сака да учествува во кампањата и да стане член на кампањата ги врши следните активности во периодот на важност на кампањата:

**1.1.1.** Лицето е валиден сопственик на картичка;
**1.1.2.** Се регистрира или е регистрирано во четботот според внатрешната механика за регистрација содржана во четботот;
**1.1.3.** Го отвора четботот, оди на менито Visa Travel и кликнува на FastTrack International.
**1.1.4.** Се запознава со податоците за кампањата и со овој Правилник со кликнување на копчето FastTrack International.
**1.1.5.** Ја проверува достапноста на услугата и ги избира земјата и аеродромот;
**1.1.6.** Кликнува на копчето земи ваучер.
**1.1.7.** Избира еден од понудените видови лет: домашно поаѓање (Domestic Departure), меѓународно поаѓање (International Departure) или меѓународно пристигнување (International Arrival);
**1.1.8.** Во четботот наведува број, датум, време на полетување, име и презиме (според билетот), телефонски број и адреса на е-пошта.

**1.2.** По успешно завршување на активностите наведени во клаузулите од 1.1.1. до 1.1.8. од овој Правилник, лицето станува член на кампањата и добива датотека со QR-код во четботот.

**1.3.** Овој Правилник е главниот документ во официјалните односи меѓу членот на кампањата и организаторот/клиентот/партнерот. Членот на кампањата ги прифаќа одредбите од овој Правилник со сукцесивно извршување на активностите наведени во клаузулите од 1.1.1. до 1.1.8. од овој Правилник.

**1.4.** Членот на кампањата врши доброволно прифаќање на условите од овој Правилник, коешто претставува склучување писмен договор за тие услови.

**1.5.** Не се дозволува делумно прифаќање на Правилникот.

**1.6.** Картичката важи за целиот период на важење на авионскиот билет.

**2. Особености на апликацијата за QR-код**

**2.1.** Услугата може да ја нарачате на кој било датум во годината. QR-кодот важи на датумот на нарачување на услугата, но се користи за летовите наведени во клаузулите 1.1.7. и 1.1.8. од Правилникот.

**2.2.** QR-кодот им се доставува на членовите на кампањата според следниве ограничувања:

**2.2.1.** За членовите на кампањата кои се иматели на картички Visa Platinum, се обезбедуваат најмногу 2 (два) QR-кода во периодот на важност на кампањата;
**2.2.2.** За членовите на кампањата кои се сопственици на картички Visa Signature, се обезбедуваат најмногу 10 (десет) QR-кода во периодот на важност на кампањата;
**2.2.3.** За членовите на кампањата кои се сопственици на картички Visa Infinite, се обезбедуваат QR-кодови во бројот што ќе го побара членот на кампањата - сопственици на картичка Visa Infinite во периодот на важност на кампањата.

**2.3.** QR-кодот може да го користи исклучително членот на кампањата за свои цели и не смее да го пренесува на трети лица.

**2.4.** QR-кодот кој не е искористен во периодот на важност на кампањата не се одложува ниту се акумулира, ниту, пак, се додава, односно не е предмет на финансиска или друга компензација.

**2.5.** Датотеката со QR-код има функција на „копче за брз одговор" заради контакт со техничката поддршка на партнерот, во случај на проблеми со QR-кодот.

**3. Одговорност на страните**

**3.1.** Членот на кампањата, според постојното законодавство, е одговорен за точноста на дадените податоци и правото на користење на картичката.

**3.2.** Плаќањето на даноците, таксите и задолжителните плаќања ги врши лицето на кое му се наметнува соодветната обврска според одредбите на важечката законска регулатива.

**3.3.** Клиентот/партнерот/организаторот не е одговорен за неможноста членот на кампањата да го користи QR-кодот поради причини надвор од нивната контрола, вклучително, без ограничување, поради дефект на уредот за верификација, откажување, одложување или доцнење на летот, промени во работењето на аеродромот, прекршување од страна на членот на кампањата на одредбите од важечката законска регулатива и слично.

**4. Обработка на лични податоци**

**4.1.** Во рамките на кампањата, членот на кампањата на организаторот му ги доставува следните лични податоци, во согласност со договорот склучен според овој Правилник, а којшто претставува индивидуална причина за обработка на неговите лични податоци: презиме, име, татково име на англиски јазик, телефонски број и адреса на е-пошта. Овие правила за обработка на податоци се дел од правилата за обработка на податоци содржани во четботот.

**4.2.** Личните податоци наведени во клаузулата 4.1. се обработуваат во периодот на важност на кампањата со цел да се оствари правото на членот на кампањата да учествува во кампањата. Тие лични податоци ќе се соберат, ќе се обработат и ќе се пренесат (на странски сервери на организаторот и на партнерот) заради исполнување на условите од овој Правилник. Организаторот е сопственик и администратор на тие лични податоци. Партнерот има своја политика за постапување со лични податоци, но во секој случај, тие податоци не смеат да се обработуваат спротивно на овој Правилник. Членот на кампањата може да се запознае со политиката за обработка на лични податоци на партнерот на следниов линк: https://highpass.aero/Home/PrivacyPolicy.

**4.3.** При извршување на активностите наведени во клаузулата 1.1. од Правилникот, членот на кампањата се согласува на утврдениот редослед за обработка на неговите лични податоци и дополнително потврдува дека се запознал со сите права што му се дадени според важечкото законодавство.

**5. Разно**

**5.1.** Организаторот има право да вклучи трети страни за исполнување на обврските според овој Правилник за кампањата.

**5.2.** Доколку се појави ситуација што овозможува несигурно толкување на овој Правилник, спорови и/или прашања коишто не се уредени со Правилникот, организаторот/клиентот на кампањата го задржува правото самостојно да ги реши тие прашања. Ваквата одлука на организаторот/клиентот на кампањата е конечна и не подлежи на жалба.

**5.3.** Периодот на важност на кампањата може да се промени или кампањата може предвремено да се прекине со заедничка согласност на клиентот и организаторот. Промената на периодот на важност на кампањата или нејзиното предвремено прекинување влегува во сила само во случај на нивно објавување во четботот.

**5.4.** Овој Правилник и неговите измени се објавуваат во четботот, заради консултирање.

**5.5.** Организаторот го задржува правото за измени на овој Правилник во периодот на важност на кампањата.